analytica
thinking laboratory...

СТУДИИ

ИЗДАНИЕ 1

ПОРАДИ ЗАГУБИТЕ НА ТЕРИТОРИЈА ВО ИРАК И СИРИЈА ИСИС БИ МОЖЕЛЕ ДА СЕ ФОКУСИРААТ НА НАПАДИ ВО ЕВРОПА

www.analyticamk.org

Охрабрувачки сигнали во борбата против ИСИС доаѓаат од Сирија и Ирак, каде што оваа екстремистичка група претрпува големи жртви,но исто така и губи територии. ИСИС е под опсада дури и во нивните упоришта, како што се градовите Мосул, Фалуџа и Рака. Исто така се верува и дека воздушните напади предводени од САД, значително ги имаат ослабнато финансиите на ИСИС.[1]

И покрај сето ова, ИСИС сè уште претставува моќна група која има капацитет за ширење на нејзините екстремни идеи. Ниту раководството на ИСИС не размислува за опцијата за предавање, ниту пак меѓународната заедница има намера да ги покани на мировни преговори[2].

Сепак, мал загрижувачки детаљ кој треба да се има предвид е тенденцијата на екстремистичките/бунтовнички групи да применуваат зголемен број на терористички напади кога се послаби. Историјата го покажува тоа преку примерите на Ал Шабаб во Сомалија[3] и Ал Каеда во Ирак, кои прибегнаа кон користење на зголемен број терористички напади на цивилно население како одговор на губењето на територија и моќ . Знаејќи дека веќе е многу потешко да се приклучат на борбата во Сирија и Ирак, следбениците на ИСИС од Европа може да се одлучат да ги насочат своите напади на европските простори.

На крајот на мај 2016, Абу Мухамед ал-Аднани кој се претставува како портпарол на ИСИС ги повика следбениците на напади на американски и европски цели. Тука може да се види промената на наратив на раководството на ИСИС. Тие веќе не ги повикуваат следбениците да се приклучат на борбата во Сирија и Ирак како примарна цел. Ал-Аднани во видеото порача "Секој напад којшто може да го извршите на нивна територија има поголемо значење за нас, отколку вашето доаѓање во Сирија"[4].

Во меѓувреме, Стејт Департментот на САД издаде соопштение за мерки за претпазливост при патување во Европа, коишто важат до 31 август 2016.[5] Во соопштението им се препорачува на граѓаните на САД да бидат претпазливи кога патуваат во Европа, особено на места со голема концентрација на луѓе како големи настани, туристички атракции, ресторани и јавниот превоз. Аналитичарите тврдат дека сепак не постои конкретна закана туку дека предупредувањето на Стејт Департменот доаѓа како одговор на податоците со коишто располагаат во моментот[6]. Ова воедно може да се разбере како мерки на претпазливост.

КАДЕ Е МАКЕДОНИЈА И РЕГИОНОТ?

Од сето ова би било логично да се заклучи дека прашањето коешто ќе си го постават повеќето граѓани на Македонија е што ова значи за Македонија и регионот и колку сме навистина безбедни. И покрај тоа што Балканот не е примарна цел на напад на ИСИС и други екстремистички групи, невозможно е целосно да се исклучи можноста за напади во иднина.

Податоците укажуваат дека

1 "U.S- led airstrikes putting a financial squeeze on the Islamic State (Воздушните напади предводени од САД, ги намалуваат финансиските капацитети на ИСИС)". Вашингтон Пост. 02.04.2016 https://www.washingtonpost.com/world/national-security/us-led-strikes-putting-a-financial-squeeze-on-the-islamic-state/2016/04/02/e739a7be-f848-11e5-a3ce-f06b5ba21f33_story.html

2 "White House goes into damage control on Syria peace talks (Белата куќа работи на минимизирање на штетата преку мировните преговори за Сирија)". Политико. 04.01.2016 http://www.politico.com/story/2016/01/iran-saudi-arabia-us-syria-217318

3 "Al-Shabaab shows weakness, not strength in Somalia theatre bombing (Ал Шабаб покажува слабост а не моќ со нападот на театар во Сомалија)". Гардијан. 04.04.2012 http://www.theguardian.com/commentisfree/2012/apr/04/al-shabaab-somalia-theatre-bombing

4 "Islamic State calls for attacks on the West during Ramadan in audio message (ИСИС повикува на напади на западни цели за време на Рамазан)".Реутерс Канада. 22.05.2016. http://ca.reuters.com/article/topNews/idCAKCN0YC0OG

5 "Europe Travel Alert (Тревога за патувања во Европа)". Стејт Департмент. 31.05.2016 https://travel.state.gov/content/passports/en/alertswarnings/europe-travel-alert.html

6 "Travelers watch out- but there's no specific threat (Патници бидете внимателни, но нема конкретна закана)". БиБиСи. 01.06.2016 http://www.bbc.com/news/world-us-canada-36403960

во регионот има стотици повратници од Сирија и Ирак. Доколку ја земеме во предвид теоријата на Томас Хецхамер дека "еден во девет волонтери кои се борат за странски војски/паравоени формации, се вклучуваат во милитантни групи откако ќе се вратат"[7], доаѓаме до бројка од десетици поединци, коишто би да можеле да бидат вклучени во насилни активности. Само во Македонија, 72 борци се веќе вратени од боиштата[8]. Треба да се земе во предвид и можноста за стотици поединци коишто не отпатувале за Сирија и Ирак, но се индоктринирани со радикални идеи и би можеле да нападнат цели во државата и регионот.

Доколку раководството на ИСИС одлучи дополнително да ја пренесе борбата во Европа и да го стави Балканот на листата на приоритетни цели, би било многу тешко да се спречат сите потенцијални напади. Потребен е само еден успешен план на екстремистите за да се нанесе огромна штета. Дополнителен предизвик би можел да биде и веќе постоечката ангажираност на МВР за справување со бегалската криза, како и последиците од политичката криза врз МВР. Згора на тоа, во Македонија има повеќе "меки" цели. Напад на овие цели би можел да резултира со значителен број на жртви-факт што може да биде искористен од џихадистичките групи.

По нападите во Париз на 13ти ноември 2015, МВР го зголеми нивото на безбедност во Македонија, пред се обезбедувајќи ги виталните објекти во главниот град. Сепак МВР не може да биде присутно на сите потенцијални мети 24/7.

На крај се поставува и прашањето: од колку од слободата на движење сме спремни да се откажеме, со цел да ја зголемиме нашата безбедност Повеќето од нас, со право, не би одобриле безбедносни проверки на сите можни цели за напад, како што би биле трговските центри, театрите, ресторанте, јавниот превоз итн. Тоа би одземало доста време, би предизвикувало фрустрации и е спротивно од самиот принцип на слобода на движење. Исто така, зголемени безбедносни проверки не би гарантирале спречување на сите можни напади.

Како заклучок, и покрај тоа што не постои моментална опасност, институциите мора да останат будни и спремни и за најлошите можни сценарија.

7 "Europe could feel the backlash from jihadist conflicts(Европа може да ги почувствува последиците од џихадистичките конфликти)". БиБиСи. 30.11.2013 http://www.bbc.com/news/world-middle-east-25155188

8 "Иванов: Граѓаните да бидат спокојни, институциите успешно се справуваат со предизвиците (Ivanov: Citizens should be calm, institutions are successfully dealing with the challenges)". МИА. 22.03.2016 http://mia.mk/mk/Inside/RenderSingleNews/288/133090587

www.analyticamk.org



ФИЛИП СТОЈКОВСКИ,
ИСТРАЖУВАЧ НА ПРОГРАМАТА ЗА БЕЗБЕДНОСТ
fstojkovski@analyticamk.org